ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и

д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИК: Трајко Спасовски, раководител на сектор во Министерството за финансии

Предлог-закон

за изменување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола

Скопје, септември 2020 година

**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44- 8909/1
Скопје, 27 септември 2020 година

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог – закон за изменување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што го утврди на седницата, одржана на 27 септември 2020 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определуваат д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Трајко Спасовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно Предлог на Законот за изменување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се врши усогласување со одредбите од Законот за прекршоците во делот за висината на глобата.

Во членот 53 висината на глобата од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на раководителот на субјектот, се намалува и се утврдува на износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност.

Во членот 54 висината на глобата од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на раководителот на субјектот од јавниот сектор, се намалува и се утврдува на износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност.

Во членот 54-а се утврдува глоба во износ од:

- Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-е, став (1) од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за финансии и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за финансии.
- Со глоба од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе се казни одговорното лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот од член 36-е став (1) од овој закон, кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.
- Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-з, став (7) од овој закон доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.‘
- Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 36-з став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2) и (3) и од член 36-ѕ од овој закон.
- Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на член 36-ѕ, ставовите (2) и (3) од овој закон.
- Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 36-е од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 36-ѕ ставови (4) и (5) од овој закон.
- Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 36-з став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 36-ѕ став (6) од овој закон.
- Со глоба од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од член 36-п, став (2) од овој закон , доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а за тоа не го известат министерот за финансии.“

Одредбата од членот 35 став (1), алинеја 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09, 188/2013 и 192/15) нема да се применува од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 јануари 2023 година.

Со оглед на наведеното, се предлага изменување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

## II. ЦЕЛИТЕ, НАЧЕЛАТА И ОСНОВНИТЕ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со предложените изменувања на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се врши усогласување со одредбите од Законот за прекршоците во делот за висината на глобата.

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Предлогот на Законот за изменување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола нема да предизвика негативни фискални импликации во Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на измените на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

Член 1

Во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09, 188/2013 и 192/15), во членот 53 воведната реченица се менува и гласи:

„ За сторен прекршок на раководителот на субјектот ќе му се изрече глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност, ако: “

Член 2

Во членот 54 воведната реченица се менува и гласи:

„ За сторен прекршок на раководителот на субјектот од јавниот сектор ќе му се изрече глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност, ако: “

Член 3

Членот 54-а се менува и гласи:

„ (1) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-е, став (1) од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за финансии и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за финансии.

(2) Со глоба од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе се казни одговорното лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот од член 36-е став (1) од овој закон, кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-з, став (7) од овој закон доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.‘

(4) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 36-з став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2) и (3) и од член 36-ѕ од овој закон.

(5) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на член 36-ѕ, ставовите (2) и (3) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 36-е од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 36-ѕ ставови (4) и (5) од овој закон.

(7) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 36-з став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 36-ѕ став (6) од овој закон.

(8) Со глоба од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата од член 36-п, став (2) од овој закон , доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а за тоа не го известат министерот за финансии.“

Член 4

Во целиот текст на законот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 5

Одредбата од членот 35 став (1), алинеја 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 90/09, 188/13 и 192/15) нема да се применува од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 јануари 2023 година.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

Со членовите од 1 до 3 од Предлог - законот за изменување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се врши усогласување со одредбите од Законот за прекршоците во делот за висината на глобата.

Со членот 5, одредбата од членот 35 став (1) алинеја 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 90/09, 188/13 и 192/15) нема да се применува од денот на влегување во сила на овој закон до 1 јануари 2023 година.

Со членот 6 се пропишува завршна одредба за влегување во сила на измените на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Постојните одредби од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се меѓусебно поврзани со предлозите за изменување на овој закон бидејќи се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените изменувања на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се во насока на доуредување на условите и начинот на спроведување на постапката за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор.

ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 53

За сторен прекршок на раководителот на субјектот ќе му се изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност, ако:

1) не основа сектор/одделение за финансиски прашања (член 9);

2) преземе финансиска обврска за доделување на субвенција, заем или гаранција на трета страна или учество во акционерски капитал која не е утврдена со закон (член 22 став (1)) и

3) не достави годишен финансиски извештај до Централната единица за хармонизација (член 47).

Член 54

За сторен прекршок на раководителот на субјектот од јавниот сектор ќе му се изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност, ако:

1) не основа единица за внатрешна ревизија (членови 30 и 31);

2) укината 6

3) одговорно лице или вработен во субјектот од јавниот сектор во кој се врши внатрешна ревизија не ги исполни обврските од членот 39 на овој закон;

4) не обезбеди пристап на вработените од Централната единица за хармонизација до документите, сметководствената евиденција и други информации потребни за следење на функционирањето на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија (член 49);

5) не ги преземе потребните дејствија против неправилности и измами (член 50 став (1));

6) не назначи лице задолжено за неправилности (член 50 став (2));

7) на вработен или внатрешен ревизор не обезбеди заштита на идентитетот и стекнатите права од работен однос во случај на известување за неправилности, сомнеж за измама или корупција (член 50 став (7)) и

8) не овозможи на овластените службени лица од Министерството за финансии, инспекторите од Европската комисија и Европскиот суд на ревизори слободен пристап до целата документација, канцелариите, средствата и персоналот (член 52 став (2)).

Член 54-а

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-е став (1) од овој закон, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за финансии и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за финансии.

(2) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра денарска противвредност ќе се казни одговорното лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот од членот 36-е став (1) од овој закон, кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

(3) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-з став (7) од овој закон, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

(4) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 36-з став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2) и (3) и од членот 36-ѕ од овој закон.

(5) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на членот 36-ѕ ставови (2) и (3) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 36-е од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 36-ѕ ставови (4) и (5) од овој закон.

(7) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 36-з став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 36-ѕ став (6) од овој закон.

(8) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од членот 36-п став (2) од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а за тоа не го известат министерот за финансии.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Одредбата од членот 35 став (1) алинеја 1 од овој закон ќе се применува од 1 јануари 2018 година.